Наслов на Документот:

# ПРИРАЧНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИЗВЕДУВАЧИ ОД АСПЕКТ НА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

**СТАТУС НА РЕВИЗИЈАТА**

| **Серија бр.** | **Датум** | **Причина за ревизија** | **Подготвено од** | **Одобрено од** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 12 / 01 / 2011 | Интегриран систем (Почетна серија на Системот за управување со безбедноста и здравјето при работа) | Менаџер на Погон за производство Жаклина Стамболиска Раководител на Набавна служба Габриела Бошковиќ | Главен Извршен Директор Антониос Николопулос |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Контролиран Документ

| | | |
|---|---|---|
| НЕ Е | | |

Контролиран Документ

***КРАТКА СОДРЖИНА***

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | ***Предговор*** | ***3*** |
| **2.** | ***Вовед*** | ***4*** |
| **3.** | ***Политика за здравје и безбедност при работа*** | ***5*** |
| **3.1** | ***Цели на процесот за управување со изведувачи*** | ***7*** |
| **4.** | ***Дефиниции користени во овој Прирачник*** | ***7*** |
| **5.** | ***Договор, политики и процедури за изведувачите*** | ***8*** |
| **5.1** | *Договор за вршење на услуги* | ***8*** |
| **5.2** | *Клучни политики, процедури и упатства* | ***8*** |
| **6.** | ***Процес за управување со изведувачите*** | ***9*** |
| **6.1** | *Претселекција* | ***11*** |
| **6.2** | *Дефинирање на договор* | ***11*** |
| **6.3** | *Предавање и прифаќање на договор* | ***11*** |
| **6.4** | *Доделување на договор* | ***11*** |
| **6.5** | *Воведување во договорот* | ***11*** |
| **6.6** | *Обука на изведувачот* | ***12*** |
| **6.7** | *Имплементација на договорот* | ***12*** |
| **6.7.1** | *Примена на казнени мерки* | ***12*** |
| **6.8** | *Затворање и преглед на договорот* | ***12*** |
| **6.9** | *Евалуација на изведувачот* | ***13*** |
| **7** | ***Правни обврски на Цементарница „Усје“ и на изведувачот*** | ***13*** |
| **7.1** | *Правни обврски на Цементарница „Усје“* | ***13*** |
| **7.2** | *Правни обврски на изведувачите* | ***13*** |
| **8** | ***Други одговорности на изведувачот*** | ***14*** |
| **8.1** | *Несреќи и инциденти* | *14* |
| **8.2** | *Дрога, алкохол и лекови кои влијаат врз психофизичките способности* | *14* |
| **8.3** | *Деца на работните простори на Цементарница „Усје“* | *14* |
| **8.4** | *Влез во ограничен простор* | *15* |
| **8.5** | *Евакуација и спасување* | *15* |
| **8.6** | *Влез и напуштање на Цементарница „Усје“* | *15* |
| **8.7** | *Нивоа на влез на работните простори на Цементарница „Усје“* | *15* |
| **8.8** | *Животна средина* | *16* |
| **8.9** | *Исклучување на опрема* | *16* |
| **8.10** | *Огнено оружје* | *16* |
| **8.11** | *Превозници* | *17* |
| **8.12** | *Комуницирање за опасности* | *17* |
| **8.13** | *Опасност од појава на пожари* | *18* |
| **8.14** | *Опасности од дигање и пренесување на товари* | *18* |
| **8.15** | *Опасности од ископи* | *19* |
| **8.16** | *Опасни супстанции, користење и отстранување* | *19* |
| **8.17** | *Уредност на работните простори* | *19* |
| **8.18** | *Барања за опрема за лична заштита* | *19* |
| **8.19** | *Користење на кантина* | *19* |
| **8.20** | *Обуки и клучен персонал* | *19* |
| **8.21** | *Посебни дозволи за работа* | *20* |
| **8.22** | *Состаноци за безбедност* | *21* |
| **8.23** | *Алати и опрема* | *21* |
| **8.24** | *Возила* | *21* |
| **8.25** | *Работни налози* | *21* |
| **9** | ***Комуникација*** | ***21*** |
| **10** | *Анекс* | |

Контролиран Документ

## 1. Предговор

Цементарница Усје АД Скопје, како дел од Титан Групацијата, ги смета за приоритет безбедноста и здравјето на своите вработени, изведувачи, посетители и засегнати страни при изведувањето на работни активности во нашата фабрика, рудниците и останатите области.

Во знак на поддршка на оваа визија, компанијата неодамна презеде тригодишна иницијатива за внесување на вистински промени во културата за безбедност и здравје за своите вработени, како и за вработените на нашите изведувачи. Ги подобривме нашите практики, правила и процедури, инвестиравме стотици илјадници евра во нова инфраструктура, алатки и практики, а воедно и ги обучивме нашите вработени и вработените на нашите изведувачи и посветивме илјадници работни часови на безбедноста и здравјето на сите.

На наше огромно задоволство сега го објавуваме овој **Прирачник за управување со изведувачи**, кој претставува еден од најважните елементи во нашата иницијатива за безбедност и здравје, а чија цел е давање на упатства и објаснувања за новите одговорности кои секоја локална или странска компанија треба да ги исполни со цел да соработуваат со Цементарница Усје АД Скопје и да ги споделуваат и заедно со нас да ја применуваат нашата цел за „нула несреќи“. Ова е особено значајна цел за сите нас и ние се надеваме дека со силна посветеност и прилагодливост од страна на нашите сегашни и идни изведувачи и нивните вработени ова ќе се оствари.

Безбедноста мора да е должност и постојан интерес на сите. Сите треба да гледаат на безбедноста како на услов за вработување кај нас во Усје, без оглед дали се работи за директно вработен или привремен изведувач. Безбедноста не претставува единствено оправдано лично очекување за сите, туку и постојана поединечна одговорност за сите нас. Должност е на сите нас и во рамките на нашите одговорности и должности да продолжиме со оваа успешна тенденција и да ја постигнеме нашата мисија на „нула несреќи“...!

Антониос Николопулос
Главен извршен директор

Контролиран Документ

## 2. Вовед

Повеќето студии за безбедност во светот имаат идентификувано дека приближно 95% од сите несреќи се предизвикани со небезбедно однесување, а само 5% се предизвикани од небезбедни услови. Оттаму, промената на однесувањето на луѓето во врска со нивната безбедност прерасна во главен интерес на нашата Компанија.

Исто така, Законот за безбедност и здравје при работа од 2007 година, (Службен весник на РМ бр. 92/2007) наметнува обврски за физички и правни лица, кои ангажираат изведувачи, да преземат мерки за обезбедување, со цел, да осигураат дека во текот на работата ниеден изведувач ниту подизведувач нема да се здобие со повреди или професионални заболувања.

Наша основна цел е да се постигне ниво на севкупна безбедност карактеризирана како „Нула повреди“ и безбедни услови за работа на сите нивоа на Компанијата. Во нашите обиди за остварување на оваа наша цел целосно се опфатени и сите изведувачи, подизведувачи и сите посетители на нашите работни простори.

Овој Прирачник за управување со изведувачи содржи информации за процесите, политиките и процедурите на Цементарница „Усје“ А.Д. Скопје. Тие, до степен до кој тоа е можно, се осврнуваат на нашите обврски како совесен работодавец, но, сепак, потребно е и нашите изведувачи да го прифатат ваквиот процес и да ги разберат и применуваат сите неопходни обврски.

Со цел да се помогне во постигнувањето на нашата цел „Нула повреди“ во рамките на Цементарница „Усје“ формиран е Централен комитет за здравје и безбедност, како и следните работни групи:

- Пододбор за управување со изведувачите
- Пододбор за истражување на инциденти
- Пододбор за безбедносни ревизии
- Пододбор за правила и процедури
- Пододбор за водечки индикатори

Нивна заедничка цел е да обезбедат стратегија и упатства за подобрувања на системот за безбедноста и здравјето, во согласност со генералната политика за здравје и безбедност на Групацијата ТИТАН. Централниот комитет го предводи главниот извршен директор, а го вклучува целиот тим на извршното раководство.

Менаџерите, раководителите, работоводителите и другите водачи на тимови во Цементарница „Усје“ поминаа повеќе безбедносни обуки како, „Step Change Safety Improvement Project“ и „STOP“ во организација на Компанијата DuPont. Овие работилници/програми имаат за цел пренесување на најдоброто практично знаење и вештини од DuPont, како и поттикнување на менаџерите да го користат нивното ново стекнато знаење и вештини во своите средини.

Контролиран Документ

Посебно се истакнува еден сегмент од овие обуки кој е посветен на изведување на безбедносни ревизии (аудити) како врвен инструмент за проактивно управување со безбедноста. Истиот ги опфаќа сите нивоа на управување, со постојани посети и набљудувања на вработените, а сѐ со цел јакнење на безбедно однесување и пренесување на знаење при забележување на небезбедно или несоодветно однесување.

Од изведувачите на Цементарница „Усје“ се очекува да ги прифатат, да ѓи применуваат и самостојно да дејствуваат во согласност со нашите искуства и практики, а воедно во целост да ги почитуваат процедурите и упатствата за безбедно работење.

За таа цел, во овој Прирачник развивме пристап на детално запознавање со нашите очекувања и барања од областа на безбедноста при работа, кои нашите изведувачи ќе треба во целост да ги почитуваат.

### 3. Политика за здравје и безбедност при работа

Цементарница „Усје“ се обврзува на постигнување состојба на „Нула повреди“, за сите вработени, посетители, изведувачи и подизведувачи, кои работат на нашите работни простори. За таа цел таа се обврзува кон визијата и политиката за здравје и безбедност при работа на Групацијата ТИТАН:

Контролиран Документ

TITAN
CEMENTARNICA USJE

**Здравје и безбедност при работа**

## ВИЗИЈА И ПОЛИТИКА

Заради постигнување на визијата за здрава работна средина без инциденти, повреди и несреќи,

- Се обврзуваме да вложуваме максимални напори за зачувување на здравјето и безбедноста на сите наши директни и индиректни вработени во сите наши деловни активности.
- Се стремиме кон континуирано подобрување на здравјето и безбедноста при работа бидејќи за нас тоа претставува приоритетна цел.
- Здравјето и безбедноста при работа ги управуваме како интегриран систем од цели, обврски и одговорности.
- Континуирано тежнееме да воспоставиме безбедно и здраво однесување низ целата организација во нашите секојдневни активности и да создадеме работна средина во која секој од нас е одговорен за сопствената безбедност и безбедноста на нашите колеги.
- Од сите вработени се очекува да ги следат принципите за безбедна работа, да ги почитуваат правилата и прописите, како и да работат во согласност со највисоките стандарди за безбедност при работа кои се поставени и прифатени од Групацијата.
- Вложуваме максимални напори сите наши добавувачи, надворешни изведувачи и трети лица да усвојат слична политика за здравје и безбедност при работа.
- Секогаш сме подготвени да им излеземе во пресрет на сите засегнати страни и партнери на кои им е потребен наш совет.

Димитри Папалексопулос
Управител на Групацијата ТИТАН

Контролиран Документ

### 3.1 Цели на процесот за управување со изведувачи

За постигнување на состојбата „**Нула повреди**" за сите вработени, посетители, изведувачи и подизведувачи, неопходно е остварување на следните **цели на процесот за управување со изведувачи**:

- ***Да се осигура дека единствено обучени, овластени и квалификувани (види во точка 4) лица работат како изведувачи на нашите работни простори.***
- ***Да се обезбеди Листа на одобрени изведувачи за сите области, која ќе може да се разгледува и надградува на годишна основа во однос на утврдените критериуми.***
- ***Да се дефинираат и применуваат еднозначни критериумите и методите за евалуација и ревизија на изведбата на Изведувачот.***

### 4. Дефиниции користени во овој Прирачник:

- ***Изведувач:*** Правно лице договорно ангажирано за изведување на одредени работи во интерес и за сметка на Цементарница „Усје".
  - ***Подизведувач:*** Правно лице ангажирано за изведување на работи во интерес и за сметка на изведувачот (кој воедно е и целосно одговорен за подизведувачот), за работата за која изведувачот е договорно ангажиран од страна на Цементарница „Усје". Изведувачите се целосно одговорни за работата на подизведувачите, кои тие ќе ги ангажираат за свои потреби, а за истото треба да ја информираат и Цементарница „Усје".
- ***Одговорно лице:***
  1. Лица вработени во Цементарница „Усје", назначени како одговорни за вршење надзор и контрола врз одредена работа.
  2. Правно или физичко лице договорно ангажирано (не како вработен) од страна на Цементарница „Усје", за вршење контрола над одредена работа за сметка и во интерес на Цементарница „Усје".
  3. Правно или физичко лице вработено или договорно ангажирано од страна на изведувачот, за вршење контрола на работата на изведувачот за чија сметка и интерес работи.
- ***Обучено лице***: Лице кое ги поминало воведните обуки за здравје и безбедност, како и специфичната обука за безбедно работење при изведување на договорената активност во работниот простор.

Контролиран Документ

- ***Овластено лице***: Назначени лица за извршување на конкретната работна активност од страна на изведувачот или Цементарница „Усје“.

- ***Квалификувано лице***: Лица кои ги исполнуваат потребните стручни и законски барања за извршување на конкретна работна активност.

- ***ЛЗС:*** Лични заштитни средства

## 5. Договор, политики и процедури за изведувачите

### 5.1 Договор за вршење на услуги

Секој изведувач пред отпочнувањето на работата мора да склучи договор со Цементарница „Усје“. Прирачникот за управување со изведувачи е составен дел на Договорот за извршување на работи.

### 5.2 Клучни политики, процедури и упатства

Изведувачите и подизведувачите истовремено мора да се запознаени и да ги разберат следниве интерни акти на Компанијата, приложени како Анекс на овој Прирачник:

А. Вредности на Групацијата ТИТАН

Б. Политики
- а. Политика за здравје и безбедност при работа
- б. Политика за заштита на животната средина
- в. Политика за опрема за лична заштитна опрема
- г. Политика за заштита од пушење
- д. Политика за заштита од алкохол и droги
- ѓ. Политика за набавки (Code of conduct)

В. Упатства
- а. Упатство за безбедно возење
- б. Упатство за справување со природна катастрофа
- в. Упатство за справување со експлозија
- г. Упатство за медицински итен случај
- д. Упатство за справување со пожар
- ѓ. Упатство за работа на висина
- е. Упатство за безбедност при интервенции на машините
- ж. Заштита од пожар при работа со методи кои предизвикуваат високи температури и алати кои предизвикуваат искрење

Контролиран Документ

з. Обележување на работен простор
s. Активности кои се изведуваат на кранските хали
и . Упатство за работа во ограничен простор
j. Упатство за работа со инсталации под притисок и/или висока температура

Д. Формулар
а. Формулар за обезбедување на безбедна работна средина

Освен горенаведените и други процедури и упатства се релевантни за работата која се изведува на работниот простор . Изведувачите треба да се осигураат дека се запознаени со релевантните процедури и упатства кои се однесуваат на конкретната работа за која се ангажирани. Цементарница „Усје“, преку своите одговорни лица се обврзува сите овие процедури и упатства за безбедно извршување на работата, кои не се составен дел на овој Прирачник, да ги направи достапни на работниот простор за изведувачите и соодветен сет на упатства, кои се разликуваат од дадените во Прирачникот, се доставуваат при склучување на договорот со соодветна дистрибутивна листа.

## 6. Процес на управување со изведувачите (циклус и постапки)

Процесот на управување со изведувачите е однапред дефиниран циклус кој се реализира преку постапки прикажани во слика 1.:




Слика 1. Процес - циклус за управување со изведувачите

Контролиран Документ

Секоја од овие постапки детално е опишана во соодветно упатство. Редоследот, релевантните документи и активности за секоја постапка од процесот за управување со изведувачи поодделно се прикажани во дијаграмот на слика 2,




Контролиран Документ

Слика 2. Дијаграм на процесот за управување со изведувачите

***6.1 Претселекција***

Сите нови изведувачи пред да бидат ангажирани за работа на нашите терени треба да поминат претселективна процена за управување со безбедноста, здравјето и животната средина во согласност со критериумите дадени во формуларот за претселективна процена. Понатаму, истите ќе бидат воведени и обучени во согласност со критериумите и барањата на Цементарница „Усје“. Оние изведувачи кои нема да ги исполнат барањата во претселективната процена нема да бидат вклучени во листата на потенцијални добавувачи на Цементарница „Усје“. За таа цел се проверува усогласеноста и можноста на изведувачот да ги задоволи нашите барања и цели дефинирани со политиката за здравје и безбедност, овој Прирачник, интерната Процедура за оценување на добавувачи и формуларот за Првично оценување на добавувачи за услуги (претселекција) (даден во Анекс).

***6.2 Дефинирање на договор***

При склучувањето на договорите со изведувачите на Цементарница „Усје“ задолжително треба да се внимава на следните елементи: јасно дефинирање на предметот на работа, степен на ризичноста на договорот од аспект на здравјето и безбедноста при работа, утврдување на планови и потребна документација да се достави од страна на понудувачите. Степенот на ризичност на договорот ќе се утврдува во согласност со дефинирани критериуми за ризичност на услугиите според Упатството за Процена на ризик на услуга од надворешен изведувач (види Анекс).

Во процесот на дефинирање на договорот задолжително ќе се вклучуваат и следните клучни точки:

- Посветеност на менаџментот
- Цели и мерења за безбедност
- Дефинираност на барањата, улоги и одговорности

***6.3. Предавање и прифаќање на договор***

Чекорот на предавање и прифаќање на договорот од страна на изведувачите на Цементарница „Усје“, подразбира гаранција дека изведувачот правилно ги разбрал специфичните барања за здравје и безбедност при работа, дефинирани од страна на Цементарница „Усје“.

***6.4. Доделување на договор***

Договорите на Цементарница „Усје“ со изведувачите стапуваат во сила од моментот на нивното потпишување и заверка од страна на одговорните лица на двете договорни страни.

***6.5. Воведување во договорот***

Сите изведувачи пред започнување со работата задолжително треба да бидат запознаени (воведени) со работата на теренот за која се ангажирани. По завршување на воведувањето и потребните обуки од точка 6.6, одговорните лица од Цементарница „Усје“ ќе им издадат дозвола за работа, во согласност со која ќе може да се отпочне со договорените активности. Воведувањата во одредена работа ќе се повторуваат секогаш кога изведувачот или подизведувачот:

Контролиран Документ

- ќе пристапат на нов терен, за нови работни активности
- ќе извршуваат договор оценет со висока ризичност на услугата.

### *6.6. Обука на изведувачот*

Одговорните лица на постојаните изведувачи на Цементарница „Усје“ треба да ги поминат следните обуки:

- Воведна обука за безбедност и здравје при работа, која ги вклучува сите вработени на изведувачите.
- Специфична обука за извршување на работите, предмет на договорот, а која може да се однесува само на одговорните лица или, пак, и на сите вработени во зависност од специфичноста на договорот.

Одговорните лица кои ќе ја поминат оваа обука ќе треба да обезбедат персоналот, кој го управуваат, без разлика дали ја поминал обуката организирана од Цементарница „Усје“, во целост да ги разбере барањата и да ги почитува стандардите и правилата на Цементарница „Усје“ кои се применуваат на секој работен терен.

### *6.7. Имплементација на договорот*

Изведувачите се должни во фазата на имплементација на договорот целосно да ги имплементираат договорените обврски и обврските за безбедност и здравје при работа. Како клучни елементи за успешна имплементација на договорот Компанијата ги смета следниве:
- Елаборат и/или план за безбедно работење
- Назначување на одговорно лице и лице одговорно за безбедност и здравје
- Обука на персоналот за безбедност и здравје
- Обезбедност и употреба на сите потребни ЛЗС
- Состаноци за безбедност пред започнување на работниот ден
- Ревизии (аудити) на работниот терен
- Безбедно однесување на изведувачите и нивните подизведувачи
- Преземање на превентивни и корективни мерки за унапредување на безбедноста при работа
- Информирање на сите безбедоносни инциденти во согласност со процедурата на Цементарница „Усје“ (Процедура за истражување на инциденти) дадена во прилог.

### *6.7.1 Примена на казнени мерки*

За секое утврдено небезбедно однесување на надворешните изведувачи во текот на имплементацијата на договорот ќе бидат спроведени казнени мерки во согласност со Прогресивната дисциплинска матрица на казнени мерки кои се однесуваат на компаниите, а не директно на вработените ангажирани од изведувачите.

### *6.8. Затворање и преглед на договорот*

По завршување на договорните обврски кај договорите оценети со степен на висок ризик, задолжително ќе се прави преглед на текот на имплементацијата на договорот. Во сите останати случаи Цементарница „Усје“ го задржува правото за повремени прегледи на изведбата на работните простори.

Контролиран Документ

Од извршените прегледи ќе произлезат записници кои понатаму ќе се применуваат во постапката на годишна евалуација на изведувачот.

### *6.9. Евалуација на изведувачот*

Евалуацијата на изведувачите се користи како инструмент со чија помош, при вршењето на годишните прегледи, се утврдува дали изведувачот ги исполнува барањата на Цементарница „Усје“ во однос на безбедноста, утврдени во фазата на претселекција и имплементација на договорите.

## 7. Правни обврски на Цементарница „Усје“ и на изведувачот

### 7.1 Правни обврски на Цементарница „Усје“

Како совесен работодавец, Цементарница „Усје“ ќе преземе активности со кои ќе осигура висок степен на безбедноста, здравјето и добросостојбата на персоналот на Цементарница „Усје“, изведувачите, како и сите други лица кои авторизирано ќе се најдат на работните терени на Цементарница „Усје“.

### 7.2 Правни обврски на изведувачот

Во извршувањето на работата, изведувачите ќе ги почитуваат следниве барања:

- Општи и посебни прописи, технички мерки и нормативи од областа на безбедност и здравје при работа, работни односи, пензиско-инвалидско осигурување
- Политиките, процедурите и упатствата на Цементарница „Усје“

Изведувачите гарантираат дека тие се запознаени и правилно ги разбрале сите барања изнесени погоре, како и нивните импликации во однос на извршувањето на работата. (види точка 6.3)

При паралелна работа на повеќе изведувачи, истите ќе треба заеднички да се договорат и да назначат лице одговорно за безбедност и здравје и да ги усогласат плановите за безбедно работење.

Секое непочитување на горенаведените барања од страна на изведувачот ќе се смета за прекршување на договорот, односно пропуст во работењето. Ваквите ситуации на неуспех во реализација на договорните обврски ќе предизвикаат одложување или целосен прекин на договорот. За таа цел Цементарница „Усје“ има дефинирано казнена постапка (согласно со Прогресивната дисциплинска матрица дадена во прилог) во која се регулирани мерките кои се преземаат над изведувачите и подизведувачите, во случај на прекршување на правилата за безбедност. Воедно, Цементарница „Усје“ има право веднаш да ја прекине работата која ја извршува изведувачот на трошок на изведувачот, сѐ додека ваквиот пропуст не се поправи, а во зависност од околностите може трајно да им забрани работење на теренот.

Контролиран Документ

За секоја задача која изведувачот ја презема на теренот на Цементарница „Усје", се очекува да покаже висока свесност и прифаќање на силната посветеност на Цементарница „Усје" за безбедноста, здравјето и заштитата на животната средина.

## 8. Други одговорности на изведувачот

Подолу во документов се наведени низа одговорности, правила и процедури кои се однесуваат на работењето на изведувачот на терените на Цементарница „Усје".

### 8.1 Несреќи и инциденти

Изведувачот треба да има воспоставено систем за известување на несреќи и инциденти кој ќе биде компатибилен со оној на Цементарница „Усје". Сите несреќи и инциденти кои настануваат на теренот на Цементарница „Усје" ќе се пријават на одговорното лице на Цементарница „Усје" за да се истражат и да се преземат соодветни превентивни и корективни мерки. По завршување на истражувањето изведувачот ќе добие повратна информација за истото.

Цементарница „Усје" ги разликува следните видови на инциденти:

- Избегната повреда
- Повреда санирана со прва помош (First aid case)
- Повреда која бара медицински третман ( Medical Treatment Case)
- Повреда која резултирала со губење на работни денови
- Повреда која резултирала со привремена намалена работна способност
- Фатална повреда

Исклучително е важно инцидентите да бидат навремено пријавени и транспарентно опишани, со што заеднички ќе осигураме дека во иднина нема да дојде до повторување, ниту, пак, појава на посериозна повреда во такви или слични околности.

Изведувачите се одговорни за пружање на итна медицинска помош за нивните вработени.

Сите истражувања ќе се извршат со применување на процедурата за истражување на инциденти на Цементарница „Усје".

### 8.2 Дрога, алкохол и лекови кои влијаат врз психофизичките способности

Ниедно лице не смее да пристапи на работниот терен ако е под влијание на алкохол, дрога или други супстанции кои влијаат на психофизичките способности на лицата. Лицата за кои ќе се утврди дека се под влијание на горенаведените средства веднаш ќе треба да го напуштат имотот на Цементарница „Усје". За утврдување на алкохолизирана состојба, Цементарница „Усје" го задржува правото да изврши проверка на алкохол во крвта со помош на апарат – алкотест. Изведувачот ќе се осигура дека за сето време на изведување на работата, неговиот персонал постапува во согласност со политиката за алкохол и дрога на Цементарница „Усје".

### 8.3 Деца на работните терени на Цементарница „Усје"

Лица помлади од 18 години немаат дозволен пристап на работните терени на Цементарница „Усје".

Контролиран Документ

### 8.4 Влез во ограничен простор

Сите изведувачи, подизведувачи и нивните вработени задолжително треба да ги почитуваат процедурите и упатствата на Цементарница „Усје“ за влез во ограничен простор, кои се составен дел на овој Прирачник.

### 8.5 Евакуација и спасување

Пред започнување со работа одговорното лице на изведувачот треба да се запознае себе и своите вработени со правецот на движење и местото за евакуација и спасување на работниот терен на кој ќе ги извршува активностите, како и да воспостави комуникација со одговорните лица од Цементарница „Усје“.

### 8.6 Влез и напуштање на работните простори на Цементарница „Усје“

Влезот во терените на Цементарница „Усје“ има заеднички карактеристики кои се однесуваат на сите погони/сектори, односно одделенија/служби во рамките на Компанијата. **Тие се следниве:**

**Влез во работните простори во Цементарница „Усје“:**

а. Сите изведувачи, подизведувачи, нивните вработени како и посетителите, за влез во Компанијата мора да се пријават и евидентираат на влезната капија на Цементарница „Усје“. По извршеното пријавување и наведување на целта за влез во Компанијата, истите добиваат идентификациски беџови за посетител или изведувач и електронски картички за влез.

б. Изведувачите веднаш по влезот во фабриката мора да воспостават контакт со одговорните лица од Компанијата пред започнување на каква било работна активност.

в. Сите изведувачи и вработени имаат ограничено движење во нивната директна работна област. Сепак, тие може да одат до магацините за алати и материјали, до кантината, тоалетите, и амбулантата во случај на потреба од прва помош .

г. Изведувачите и нивните вработени треба да ги преземат сите можни чекори за да стапат во контакт со одговорното лице пред да го напуштат теренот.

**Напуштање на работните простори на Цементарница „Усје“:**

д. Пред напуштање на теренот изведувачот и неговите вработени задолжително треба да го расчистат просторот на кој работеле. Доколку дел од опремата мора да остане заради поголем обем на работите, тогаш истата треба да се обележи и соодветно да се обезбеди да не претставува каква било опасност во теренот за кој било.

ѓ. Изведувачите и нивните вработени мора да се одјават и да го оставаат својот идентификациски беџ и електронската картичка за посетители или изведувачи пред да го напуштат теренот на крајот на работниот ден.

### 8.7 Нивоа на влез на терените на Цементарница „Усје“

Постојат две нивоа на влез кои може да се добијат за влез на работните терени на Цементарница „Усје“.

**а. Целосно придружуван посетител/изведувач** – Ова лице не е воведено и запознаено со самиот терен и мора да е под целосен и постојан надзор на компетентен вработен од

Контролиран Документ

Цементарница „Усје“. За ова лице не се дозволува влез во Компанијата сѐ додека одговорното лице не му обезбеди соодветна придружба од главниот влез (пријавница).

**б. Непридружуван посетител/изведувач** – Ова лице е воведено/упатено од страна на компетентен вработен од Цементарница „Усје“ со општите правила за здравје и безбедност, потребната опрема за лична заштита, плановите за итни ситуации во врска со потенцијалните опасности во обласата која ќе ја посетат. Непридружувани лица може да бидат: 1- лица на кои не им е дозволено да вршат никаква работа на терен, 2- лица на кои им е дозволено вршење на работа на самиот терен, а за кои претходно е доставен список од страна на нивните работодавци, со кои Цементарница „Усје“ има склучено договор.

**8.8 Животна средина**

Цементарница „Усје“ се залага за заштита на животната средина. Изведувачите и нивните вработени се обврзани да помогнат за исполнување на оваа заложба додека работат на терените на Цементарница „Усје“. Ова ги опфаќа и сите влијанија на животната средина, т.е. испуштања во вода, емисии, прашина, отпад, бучава, ракување со хемикалии, итн. Изведувачите мора да ги следат сите инструкции од одговорното лице во однос на еколошките стандарди на Цементарница „Усје“ на секој терен. Пред започнување со изведување на која било активност, треба да се согледаат и преземат сите можни чекори за спречување на какво било загадување на животната средина. Примерок од политиката за животна средина на Цементарница „Усје“ е составен дел на овој Прирачник.

**8.9 Исклучување на опрема**

Сите изведувачи, подизведувачи и нивните вработени треба да го почитуваат Упатството на Цементарница „Усје“ за безбедно исклучување/вклучување, односно „Безбедност при интервенции на машините“. Сите изведувачи кои ќе изведуваат работи кои бараат исклучување на опремата и нејзина изолација, ќе бидат воведени и запознаени со овие процедури како дел од процесот за воведување и запознавање со работните обврски на теренот.

При работа со инсталации под притисок и висока температура (компримиран воздух, пареа, мазут, пневматски транспорт на материјали и слично), изведувачот е должен да побара исклучување и обезбедување од дејството на притисок и температура до ниво безбедно за работа од страна на одговорното лице од Цементарница „Усје“ (Упатство во прилог).

**8.10 Огнено оружје**

За сите изведувачи, подизведувачи како и нивните вработени најстрого се забранува носење на огнено оружје на работните терени на Компанијата. Како исклучок од ова правило, носење на огнено оружје се дозволува на овластените лица од Компанијата за обезбедување на имоти и лица, а се во согласност со законската регулатива во државата.

Контролиран Документ

## 8.11 Превозници

- Задолжително е почитување на Упатството за безбедно возење дадено во прилог на овој Прирачник
- Сите возачи се пријавуваат на влезната капија (пријавница) на Компанијата и дозволен е влез само за возачот со камионот.
- Сите возачи кои чекаат во кругот на фабриката, треба да останат во своите камиони додека не им се дозволи да ги започнат активностите за утовар или истовар.
- Сите возачи за влез во фабриката како и на останатите терени на Компанијата, задолжително треба да носат опрема за лична заштита, во вид определен за конкретниот работен терен и да ја употребуваат секогаш кога ќе излезат од превозното средство на теренот на Компанијата.
- При утовар или истовар, возачите постојано треба да го следат операторот на виљушкарот или утоварачот и секогаш да се поставени на онаа страна на која се врши утоварот
- Возачите не смее да се возат на виљушкарот, на палети или на утоварачот.
- Сите товари треба сигурно да се врзани или закачени пред да се поместат од теренот на товарање.
- Неисполнувањето на горните услови значи дека нема да се пристапи кон утовар и ќе се пристапи кон имплементација на казнената постапка.
- При истовар задолжително да се контактира одговорното лице од Цементарница „Усје“ и да се преземат потребните мерки за оневозможување на истекување на транспортираниот материјал надвор од предвидената локација.

## 8.12 Комуницирање за опасности

- Одговорното лице на Цементарница „Усје“ ги информира изведувачите за сите познати или потенцијални опасности, како, на пример, пожар, експлозија или испуштање на токсични материи кои изведувачот или неговите вработени може да очекуваат да се случат при нивното работење.

- Изведувачот ќе обезбеди знаци, постери, светла за предупредување, барикади и други уреди/опрема кои се неопходни за сите посебни ситуации или привремени опасности предизвикани со работните активности на изведувачот.

- Изведувачот, исто така, ќе постави соодветни заштити или барикади околу привремените отвори во подови, привремени ослабувања на ракофатни огради, скалила или премини. Постојните заштитни огради за машините или опремата нема да се менуваат. Изведувачот постојано ќе ги одржува сите постојни барикади во ефективна состојба.

- Изведувачите веднаш ќе го известат одговорното лице на Цементарница „Усје“ за секоја потенцијална или настаната опасност или оштетување на имотот на Цементарница „Усје“.

Контролиран Документ

### 8.13 Опасност од појава на пожари

Изведувачите во текот на вршењето на своите работни активности се одговорни да вршат идентификација и контрола на потенцијалните извори на запалување, како и да преземат превентивни мерки за спречување на појава на пожар.

Пушењето е дозволено единствено во означените области надвор, во согласност со локалната законска регулатива, но никако на опасните места од пожар.

Изведувачот правилно ќе ги обезбеди, пренесува и користи садовите со компримиран гас. Во целост ќе се почитуваат барањата на законската регулатива за садови под притисок, како и упатствата добиени од страна на Цементарница „Усје“. Садовите кои не се во употреба ќе се затворат и, исто така, ќе се обезбедат од пад и удар.

При изведување на работни активности кај котелските постројки, мазутара, резервоари и инсталации за мазут, складирање и опрема за петрол-кокс, задолжително е детално запознавање со опасностите од пожар, обезбедување на мерки и опрема за ППЗ и присуство на стручно лице обучено за заштита од пожар и дозвола за работа во согласност со упатството *Заштита од пожар при работа со методи кои предизвикуваат високи температури и алати кои предизвикуваат искрење*.

### 8.14 Опасности од дигање и пренесување на товари

- Изведувачите нема да прикачуваат или ставаат никакви физички товари ниту, пак, да ги оптоваруваат постојните конструкции пред да се изврши преглед и пред да се добие одобрение од одговорното лице на Цементарница „Усје“. Ниедно постојно јаже или анкер не смее да се попречува или користи без согласност на одговорното лице во Компанијата.

- Сите висечки товари задолжително треба да бидат обезбедени од нишање, од страна на изведувачите.

- Кога е неопходно изведувачот да управува со кранови или да изведува активности за подигање во близина на електричните водови под висок напон, изведувачот ќе ги разгледа опасностите и мерките на претпазливост заедно со одговорното лице на Цементарница „Усје“ за да се увиди дали овие електрични водови може да се доведат во безнапонска состојба. Сепак, доколку водовите мора да останат во напонска состојба, изведувачот може да ги изведува активностите на растојание од минимум 4 м или повеќе (важи само за висок напон). За помала оддалеченост, изведувачот мора да монтира соодветни заштитни огради за спречување на електрично искрење или краток спој на струјно коло.

- За сите активности за кои е потребно да се изведуваат на висина, неопходно е добивање на дозвола за работа на висина.

Контролиран Документ

**8.15 Опасности од ископи**

Сите ископи направени од страна на изведувачот, кои мора да бидат отворени, соодветно ќе се заштитат за да се спречи спуштање на земја со потпирање или наклони или прифатени други инженерски практики, а воедно ќе се означат и обезбедат од лизгање или паѓање на персоналот и/или опремата во ископите. Другите ископи ќе се покријат или ќе се заштитат на поинаков начин, а со цел повторно да се обезбеди персоналот или опремата од паѓање.

**8.16 Опасни супстанции, користење и отстранување**

Користењето, складирањето и отстранувањето на опасни супстанции, треба да биде во согласност со законската регулатива и препораките од производителите наведени во соодветните МСДС (material safety data sheet). Сите информации и упатства дадени во МСДС пред започнување на која било од горенаведените активности, треба да бидат искомуницирани со одговорните лица на Цементарница „Усје“ и правилно разбрани од страна на изведувачите.

**8.17 Уредност на работните простори**

Изведувачот и неговите вработени се одговорни да одржуваат ред и хигиена во работните простори каде ги извршуваат своите активности, со цел да се одбегнат појави на опасности.
Заради зачувување на здравјето, а во контекст на горенаведеното, Компанијата не дозволува консумирање на прехранбени производи во работните простори, освен во работничкиот ресторан.
По завршувањето на работата, изведувачот мора да го исчисти работниот терен и да го селектира и отстрани отпадот на означените места во или надвор од фабриката.
Кон работните простории, санитарните јазли и дворните површини во фабриката, изведувачот и неговите вработени треба да се однесуваат со внимание на добар домаќин и да го запазуваат поставеното високо ниво на уредност.

**8.18 Барања за опрема за лична заштита**

Цементарница „Усје“ има пропишано правила за употреба на соодветна лична заштитна опрема. Ова значи дека сите изведувачи, вработени и посетители мора да ја носат потребната опрема за лична заштита за конкретниот терен на кој ќе се движат, во согласност со процедурите и упатствата за носење на опрема за лична заштита.

**8.19 Користење на кантина**

Изведувачите можат да договорат користење на кантината за сопствени потреби (лоцирана во кругот на фабриката) со независната компанија која ја управува кантината или да ја користат кантината со своја храна.

**8.20 Обуки и клучен персонал**

- Сите изведувачи кои имаат од 10 до 29 вработени на теренот мора да имаат теренски работоводители за надзор и одговорно лице за здравје и безбедност, кое може да биде и истото лице. Секој изведувач кој има повеќе од 30 луѓе на теренот мора да има и одделно

Контролиран Документ

лице одговорно за безбедност. Одговорностите на теренскиот работоводител за надзор се дадени во Анексот на овој прирачник.

- На барање на Цементарница „Усје“, вработените на изведувачот и нивните подизведувачи ќе треба да ги докажат својата способност и вештини кои се релевантни за нивните квалификации.
  - Изведувачот ќе достави податоци за своите работоводители на клучни позиции и останатите клучни лица (обученост, положени испити, овластувања и слично).
  - На свој сопствен трошок, изведувачот ќе обезбеди сите негови вработени и вработените на подизведувачот да ги имаат поминато сите неопходни обуки за безбедно работење, како и законски утврдената обука за работа.
  - Доколку е потребно вработените на изведувачот ќе учествуваат во секоја дополнителна обука која Цементарница „Усје“ може да ја обезбеди.
- Цементарница „Усје“ може да забрани пристап на својот работен терен за вработените на изведувачот и подизведувачите кои, според негово мислење, не ги почитуваат стандардите на Цементарница „Усје“ за безбедно и добро работење како резултат на недостаток на вештина, однесување или недоволна обука или искуство.

## 8.21 Посебни дозволи за работа

Изведувачот нема да отпочне со ниедна работа без добивање на посебна интерна дозвола од страна на одговорното лице на Цементарница „Усје“ за следните работни активности, а во согласност со упатствата дадени во прилог:

- Поправки или промени на постојната опрема
  - Задолжително исклучување на опремата од напон според соодветното упатство за безбедност при интервенции на машините
- Работење на висина
- Влегување во затворен сад, резервоар, контејнер, јама, ископи или друг затворен простор
- Користење на скеле
- Работа со методи кои предизвикуваат високи температури (заварување, сечење, брусење, палење и слично)
- Работа во кранска хала
- Работење на вентили, прекинувачи или уреди за контрола на инструменти
- Работа на цевководи или опрема под притисок
- Работи во трафостаница
- Работи со високонапонска опрема
- Поврзување на постојниот електро-систем или електрично управувана опрема
- Користење на цевководите, каналите, ракофатни огради или конструкции како потпори за товари, скали или скелиња
- Управување со автодигалки/кранови во близина на електричните водови
- Praвилно Поместување на висечки товари без да се обезбеди товарот за да се спречи негово нишање
- Управување на опрема/механизација во сопственост на Компанијата

Контролиран Документ

- Работи кои вклучуваат радиоактивно зрачење
- Работа со опасни супстанции
- Копање ровови и ископи
- Користење на експлозиви

**8.22 Состаноци за безбедноста**

Изведувачот е одговорен за одржувањето и подобрувањето на свеста за безбедноста на своите вработени и персоналот на подизведувачот, како и за учествувањето на состаноците за безбедноста организирани од страна на Цементарница „Усје“ или другите негови изведувачи. Самиот изведувач ќе организира редовни состаноци со своите вработени на кои ќе се анализираат прашања од областа на здравјето и безбедноста при работа.

**8.23 Алати и опрема**

Изведувачот мора да обезбеди и да користи свои сопствени алати и опрема. Тие мора да се во состојба која е во согласност со релевантните законски регулативи, да бидат обезбедени со соодветни сертификати за исправност и дозвола за употреба (доколу е применливо) и стандарди на Цементарница „Усје“.

Компанијата може да ги провери алатите и опремата на изведувачот, како и да ја забрани употребата на секоја опрема за која смета дека не ги задоволува потребните стандарди и не е безбедна за работа.

Изведувачот може да ги користи алатите на Компанијата единствено ако е побарана и добиена дозвола од одговорните лица на Цементарница „Усје“.

Изведувачот мора да ги чува своите алати и опрема безбедни. Сепак, доколку алатите и опремата мора да се чуваат на теренот, Цементарница „Усје“ не прифаќа одговорност за нивната безбедност.

**8.24 Возила**

Движењето на товарни возила, механизација и лесни возила во кругот на Компанијата, ќе се врши во согласност со процедурата за безбедно возење доставена во прилог на овој Прирачник.

**8.25 Работни налози**

Изведувачот не смее да изведува никаква активност за работа без порачка или налог од одговорниот оддел во Цементарница „Усје“.

**9. Комуникација**

Контактот со Цементарница „Усје“ од аспект на безбедност и здравје се изведува преку ***Секторот за безбедност и здравје при работа***.

Контролиран Документ